ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр. 04-991/1
04.07. 2022 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 11 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19), член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20 и 151/21) и член 50 став 1 точка 14 од Законот за Локална самоуправа ( Сл, Весник на РМ бр. 5/02 ) Градоначалникот на општина Кратово, распишува

**ЈАВЕН ОГЛАС Бр. 3/2022**
**за пополнување на слободни работни места во ТППЕ Кратово**
**- Пожарникар спасител и хигиеничар/ка**

Локалната самоуправа на општина Кратво има потреба од пополнување на 5 работни места во ТППЕ Кратово на неопределено време:

1. Пожарникар спасител - со шифра ПОЖ 0210 В04 000 – 4 извршители;
2. Хигиеничар/ка – со шифра УПР 0405 А03 004 – 1 извршител.
3. Кандидатите од точка 1 и точка 2 кои ќе се пријават на огласот треба да достават докази дека ги исполнуваат следните општи услови:
   - доказ за државјанство на Република Македонија ( не постаро од 6 месеци),
   - активно да го користи македонскиот јазик;
   - да е полнолетен ( копија од лична карта);
   -уверение дека има општа психофизичка и здравствена способност за работното место од овластена здравствена установа ( не постаро од 12 месеци);
   - уверение дека во моментот на вработувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност ( не постаро од 6 месеци).
4. Посебни услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите од точка 1 - Пожарникар спасител и да достават докази се:
   - доказ за положен возачки испит од Ц категорија;
   - Пожарникар спасител – со шифра ПОЖ 0210 В04 000, да има стекнато Диплома на ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, најмалку вишо/средно образование од областа - гимназиско образование или средно стручно образование (техничко-технолошка струка), со или без работно искуство во струката;

Кандидатите кои ќе бидат избрани се вработуваат како приправници и во рок од една година треба да достават Сертификат за стекната квалификација пожарникар од овластена институција од Министерството за образование и наука, доколку не го исполнат условот работниот однос им престанува.

5. Посебни услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите од точка 2 - Хигиеничар/ка и да достават докази се:
   - Свидетелство за завршено Основно образование - со/без работно искуство.
6. Работно време: 40 часа неделно, 8 часа дневно.
7. Основна плата: 18.051.00 денари.
8. Припадност : Македонец.
9. Рок на пријавување: 4 работни дена почнувајќи од 05.07.2022 до 08.07.2022 година.
10. Пријавите се достапни на веб страната на општината и можат да се поднесат во хартиена форма до Архивата на општина Кратово секој работен ден од 07,30 до 15,30 часот, преку пошта на адреса: Плоштад Маршал Тито бб. 1360 Кратово или електронски на веб страната на општината www.opstinakratovo.gov.mk .
11. Комисијата за селекција врши проверка на пријавите и веродостојност на доказите во рок од 3 дена.
12. Комисијата доставува ранг листа и предлог за кандидати до Градоначалникот во рок од 15 дена.
13. Градоначалникот врши избор и именување на кандидати во рок од 15 дена.
14. Неуредните и ненавремени пријави на кандидатите нема да бидат предмет на разгледување од Комисијата.

**Градоначалник**
**Тодорче Николовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО
1